Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември
2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

# Извадок на дел од дневни настани 23.04.2023

На 23.04.2023 во 02.40 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници ги лишиле од слобода Б.М.(25) и М.А.(30) двајцата од Скопје затоа што кај нив била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 22.04.2023 во 23.30 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.А.(37) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 23.04.2023 во 00.20 часот на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Л.И.(31) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 23.04.2023 во 00.05 часот во угостителски објект на подрачјето на Центар, полициски службеници ги лишиле од слобода А.Р.(32) од с.Шишево-скопско, Л.П.(40), А.С.(43) двајцата од Косово и Б.Р.(29) државјанин на Шведска затоа што кај А.Р. биле пронајдени и одземени пиштол "Глок" и куршуми. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 22.04.2023 во 17.50 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.Џ.(38) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 22.04.2023 во 14.50 часот било пријавено дека во Кавадарци на ул."7-ми Септември" се случила сообраќајна несреќа помеѓу моторцикл "бмв" со кавадаречки регистарски ознаки, управуван од В.К.(57) од Кавадарци и патничко моторно возило "голф" со кавадаречки регистарски ознаки управувано од М.М.(25) од Кавадарци, кое го напуштило местото на настанот, но по преземени мерки било пронајдено од страна на полициски службеници. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил моторциклистот, констатирани во Општата болница Кавадарци.Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Кавадарци.

На 23.04.2023 во 02.30 часот во угостителски објект во Охрид, полициски службеници од СВР Охрид го лишиле од слобода Х.Б.(24) од Струга затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

Во текот на изминатата вечер (22/23.04.2023) во периодот од 22.00 до 04.00 часот на територија на СВР Битола спроведена е засилена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило под дејство на алкохол. При контролата санкционирани се 30 возачи.Од нив 15 на територија на Битола, 11 во Прилеп ,по 1 во Ресен и Демир Хисар и 2 Македонски Брод.За време на контролата биле санкционирани и 20 други видови прекршоци.

На 22.04.2023 во 20.00 часот било пријавено дека на регионалниот пат Штип–Неготино, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило "пежо 407" со штипски регистарски ознаки, управувано од Б.Ш.(45) од Штип и патничко возило кое го напуштило местото на настанот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот Б.Ш., а со телесни повреди се здобиле сопатниците М.Ш.(42), М.М.К.(29) и уште една малолетна сопатничка, сите од Штип, констатирани во Клиничката болница Штип. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Штип.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (22.04.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 128 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 76 санкции, седум мерки за возење без возачка дозвола, три санкции за нерегистрирани возила.Изречени се три мерки за некористење сигурносен појас, три санкции за користење мобилен телефон при возење...

На 22.04.2023 во 20.30 часот С.А.(66) од с.Дебреште-прилепско пријавил дека околу 10.00 часот бил физички нападнат од Г.А., негов сосед, кој употребил и тврд предмет и му се заканувал со остар предмет. Се превземаат мерки за расчистување на случајот.

На 22.04.2023 во 09.30 часот Б.М.(60) од с.Градец-виничко пријавил околу 08.00 часот на место викано Виничка река по претходно недоразбирање бил физички нападнат од едно малолетно лице, кое употребило и тврд предмет. Се превземаат мерки за расчистување на случајот.

На 22.04.2023 во 15.00 часот било пријавено дека на место викано Штипски пат во Свети Николе М.М.(56) од Свети Николе во близина на својата викендица запалил трска, а огнот се проширил кон штала, сопственост на неговиот сосед З.П. од Свети Николе. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Свети Николе и се работи на расчистување на случајот.

На 22.04.2023 во 18.30 часот во Струга од полициски службеници од Полициската станица Струга бил лишен од слобода С.Ј.(54) од с.Зајас-кичевско поради тоа што при извршен преглед во патничко моторно возило "мерцедес" со кичевски регистарски ознаки, кое тој го управувал, биле пронајдени и одземени 15 велосипеди, електричен велосипед и други предмети кои потекнуваат од извршени кривични дела кражби. На 22.04.2023 во 22 часот од полициските службеници од Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево и Полициско одделение Зајас, по претходна судска наредба, бил извршен претрес во домот на С.Ј. во с.Зајас, при што биле пронајдени и одземени: 12 велосипеди, 5 рамови од велосипеди, електромотор, како и други предмети кои потекнуваат од извршени кривични дела тешки кражби и кражби. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 22.04.2023 во 01.45 часот во Кичево од полициски службеници од Полициската станица Кичево биле приведени М.Д.(43) и Н.Д.(40), двајцата од Кичево, поради тоа што во двор од куќа физички го нападнале А.С.(47) од Кичево и уште две лица со тврди предмети, а исто така се заканувале и со остар предмет. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 23.04.2023 во 00.20 часот В.Г.(44) од Скопје пријавил дека на 22.04.2023 околу 22.45 часот во Градскиот парк во Скопје неговиот малолетен син бил физички нападнат од друг малолетник. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (23.04.2023) во 04.30 часот на подрачјето на Карпош полициски службеници од Полициската станица Карпош го лишиле од слобода М.М.(50) од Скопје поради тоа што на 22.04.2023 околу 19.00 часот во домот физички ја нападнал неговата 69 годишна мајка. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 23.04.2023 во 00.30 часот Д.Т.(20) од Скопје пријавил дека на 22.04.2023 околу 23.00 часот на подрачјето на Гази Баба бил физички нападнат од К.С. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 22.04.2023 во 15.30 часот 33-годишна скопјанка пријавила дека околу 01.00 часот на подрачјето на Бит Пазар била физички нападната од нејзиниот поранешен вонбрачен партнер Г.Т.(36) од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 21.04.2023 во 01.35 часот било пријавено дека во с.Конопница на место викано Стамболици-Крива Паланка бил нарушен јавниот ред и мир со меѓусебна пресметка помеѓу З.С.(47) од с.Варовиште и Д.К. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 22.04.2023 во 00.20 часот М.С.(38) од Прилеп пријавил дека на 21.04.2023 околу 22.00 часот бил физички нападнат со тврд предмет од Џ.Н. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 22.04.2023 во 06.00 часот М.У.(37) од с.Боротино пријавил дека околу 05.00 часот во казино во Прилеп бил физички нападнат од две лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (23.04.2023) полициски службеници од Секторот за внатрешни работи Струмица го лишиле од слобода Т.М. (44) од Струмица, кој околу 01.50 часот во продавница (тобако) во Струмица со закана одзел пари од дневниот промет од вработената. Кај Т.М. биле пронајдени парите, како и предмети поврзани со кривичното дело. Тој е задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 23.04.2023 во 00.40 часот Д.Т.(41) од Скопје пријавил дека на 22.04.2023 околу 23.20 часот во Градскиот парк во Скопје малолетници со закана од неговиот малолетен син одзеле пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 23.04.2023 во 05.45 часот 52-годишен маж пријавил дека во скопско село малолетник извршил обљуба врз неговата малолетна ќерка. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 23.04.2023 во 08.00 часот О.Ј.(47) од Струмица пријавил дека околу 03.30 часот пред угостителски објект во Струмица неговиот син бил физички нападнат од Н.Т., Р.П. и К.А. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 23.04.2023 во 01.50 часот било пријавено дека на 22.04.2023 околу 23.00 часот во с.Фариш-кавадаречко бил нарушен јавниот ред и мир со меѓусебна пресметка помеѓу П.Д.(33) од Кавадарци и Б.Н., двајцата од Кавадарци, од една страна и В.А., З.С. и уште неколку лица од с.Фариш од друга страна. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 22.04.2023 во 15.20 часот Ј.А.(30) од с.Лакавица пријавила дека во Гостивар по претходни недоразбирања била физички нападната од Х.М.(72), нејзин роднина. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 22.04.2023 во 03.30 часот било пријавено дека пред угостителски објект во Тетово М.С.(31) и Е.Р.(30) двајцата од с.Вруток-гостиварско, биле физички нападнати од неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет